ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ ЗА АЛАТКАТА
COPY AI

НИВО НА СЛОЖЕНОСТ: Лесно/Средно

Страница 1: општ опис и практична задача со детални чекори

А. Општ опис

ИМЕ НА АЛАТКАТА	Copy AI
ЛИНК	https://www.copy.ai
ВИД	Алатка
НАЈПОГОДНА ЗА	Брзо создавање кратки маркетиншки текстови, објави за социјалните мрежи и автоматизирани работни процеси за содржина при настап на пазарот.
ЈАЗИЦИ	Над 30 јазици (вклучително англиски, шпански, француски, германски, италијански итн.).
БЕСПЛАТНА/ ПЛАТЕНА	Платена (планот Chat започнува од 29 американски долари месечно; достапни се и планови со работни процеси за големи компании и за раст на бизнисот).
КЛУЧНИ ЗБОРОВИ	#РекламниТекстови, #ТекстовиЗаСоцијалниМрежи, #РаботниПроцесиСоВИ, #МаркетиншкаАвтоматизација, #СоздавањеСодржина

1. Што е оваа алатка?

Copy AI е платформа за пишување со генеративна ВИ, наменета да им помогне на маркетерите, продажните тимови и создавачите на содржина брзо да создаваат квалитетни текстови. Нуди специјализирани шаблони и автоматизирани работни процеси во повеќе чекори за подготовка на текстови за објави на социјалните мрежи, реклами, наслови на е-пораки и пораки за контактирање потенцијални клиенти. Алатката го олеснува

Б. Практична задача и упатства чекор по чекор

2. Практична задача

Подгответе серија од 3 текстови за објави на Instagram и LinkedIn за промоција на нов еколошки хотелски пакет или услуга за благосостојба.

3. Сценарио / пример за бизнис

- **Име на бизнисот:** EcoNest Boutique Hotel
- **Производ/услуга:** Викенд-пакет за одмор „Green Reset“ (одржливо сместување, органска храна и часови по пилатес/активности за благосостојба)
- **Целна публика:** Млади возрасни лица и активни професионалци (20–35 години) кои бараат релаксација, активности на отворено и свесен начин на живеење
- **Тон на комуникација:** Топол, инспиративен, минималистички и енергичен
- **Крајна цел:** Поттикнување ангажираност на социјалните мрежи и насочување на следбениците кон линкот во описот на профилот за директни резервации на пакетот

4. Пред да започнете

- Клучни детали за понудата (погодности, датуми и услуги вклучени во пакетот)
- Профил на целниот купувач и посакуван тон на комуникација на брендот
- Главен повик за акција (на пример, „Кликнете на линкот во описот на профилот за да го резервирате вашето

#	Активност	Упатство
1	**Отворете ја алатката**	Отворете Copy.ai, најавете се на вашата сметка и пристапете до главниот панел.
2	**Изберете формат**	Изберете **„Templates“ (Шаблони)** и потоа **„Social Media Content“ (Содржина за социјални мрежи)** (или **„Instagram Captions“ (Текстови за објави на Instagram)** / **„LinkedIn Post“ (Објава на LinkedIn)**).
3	**Внесете податоци**	Внесете ги информациите за проектот: опишете го пакетот за одмор „Green Reset“ и наведете ја целната публика.
4	**Користете ја функцијата со ВИ**	Изберете или внесете го посакуваниот тон во полето **„Tone“ (Тон)** (на пример, „Инспиративен“, „Пријателски“ или „Опуштен“) и кликнете **„Create Content“ (Создај содржина)**.
5	**Уредете го резултатот**	Прегледајте ги генерираните опции, изберете ги омилените резултати и дорабoтете го текстот во уредувачот, приспособувајќи ги конкретните формулации.
6	**Извезете/ споделете**	Копирајте ги готовите текстови во меѓумеморијата и префрлете ги во алатката за закажување објави на социјалните мрежи или во календарот за содржина.

осмислувањето идеи и ја надминува креативната блокада, претворајќи основни влезни податоци во привлечни маркетиншки материјали за неколку секунди. Особено е ефикасна за автоматизирање на повторливото создавање текстови, со задржување на ангажираноста на целната публика.

место“)

- Одредишна веб-адреса за следење на кампањата
- Избрани хаштагови на брендот

Очекуван краен резултат

Збирка доработени текстови за објави на социјалните мрежи, подготвени за објавување, со наслови што привлекуваат внимание, главен текст што ги истакнува придобивките, повици за акција и форматирани групи хаштагови.

B. Совети и дополнителни информации

7. Примери за инструкции / внесени податоци

- **Инструкција 1 (Текст за објава на Instagram):** „Напиши привлечна објава на Instagram што го претставува викенд-пакетот ‘Green Reset’ во еколошки бутик-хотел. Истакни ги утринската јога, здравата локална храна и патеките во природа. Тон: опуштен, топол, инспиративен.“
- **Инструкција 2 (Продажна/промотивна е-порака):** „Подготви кратка промотивна е-порака што ги повикува младите професионалци да резервираат одржлив викенд-одмор. Вклучи повик за акција со временски ограничен попуст за рана резервација.“
- **Инструкција 3 (Рекламни наслови):** „Генерирај 5 кратки, впечатливи наслови за реклами на Facebook што промовираат хотелски одмор со активности за благосостојба за активни млади возрасни лица.“


8. Совети за подобри резултати

- **Обезбедете јасен контекст:** Во почетната инструкција наведете точни детали (цени, карактеристики, посебни погодности), наместо нејасни описи.
- **Користете приспособени поставки за тонот:** Внесете прецизни описни зборови (на пример, „топол, минималистички, енергичен“) за тонот што подобро одговара на визуелниот идентитет на брендот.
- **Зачувајте ги најдобрите резултати:** Зачувајте ги омилените генерирани делови од текстот во работниот простор на проектот за да го усовршите сопствениот процес на уредување и повторно да користите успешни обрасци за текстови.

9. Чести грешки што треба да се избегнуваат

- **Прескокнување на проверката на фактите:** Објавување текст создаден со ВИ без повторна проверка на деталите за понудата, информациите за настанот или линковите.
- **Прекумерно потпирање на почетните резултати:** Објавување необработени резултати без додавање особености на брендот, човечки тон или конкретни нагласувања.
- **Внесување преоптоварени инструкции:** Вметнување премногу неповрзани идеи во една инструкција, наместо делење на задачата на насочени чекори за создавање содржина.

10. Снимка од екран / визуелен пример



11. Дополнителни материјали

- **Наслов:** Официјални водичи и центар за ресурси на Copy.ai
- **Линк:** https://www.copy.ai/blog
- **Кратко објаснување:** Официјални упатства, водичи за користење шаблони и добри практики за формулирање инструкции, наменети да им помогнат на маркетиншките тимови да го зголемат обемот на создавање содржина.

12. Одговорна употреба на ВИ / белешки за обучувачот

- **Напомена за ВИ:** Секогаш проверувајте дали резултатите од ВИ се точни и усогласени со брендот; генеративните алатки помагаат во подготовката на текстот, но не го заменуваат човечкиот стратешки надзор.
- **Белешки за обучувачот:**
- Потребно време: 15–20 минути.
- Начин на работа: Индивидуално или во парови.
- Полесна верзија: Генерирање текстови за поединечни објави на социјалните мрежи со готови стандардни шаблони.
- Потешка верзија: Создавање кампања за повеќе канали (е-пошта + Instagram + рекламни текстови) со работните процеси во повеќе чекори на Copy AI.